## SOCIAL DEMOCRATIC YOUTH OF MACEDONIA – SDYM

## СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА-СДММ

# СТАТУТ

Скопје, 11 јули 2005

УЛ. БИХАЌКА БРОЈ.8, 1000 СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ТЕЛЕФОН-ФАКС: 02/3293-139

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член** 1

Социјалдемократската младина на Македонија (во понатамошниот текст СДММ) е организација на слободни и одговорни членови, кои ги прифаќаат Статутот и Програмската декларација на СДСМ и Статутот и Програмската декларација на СДММ. СДММ дејствува заради остварување на следниве политички начела и цели: целосно почитување на човекот, на неговото достоинство и на неговите основни права и слободи; развивање на плуралистичко, праведно и солидарно општество на социјална демократија; развивање на економска демократија и остварување на правата на работниците; остварување на социјална и национална еманципација на граѓаните; развивање на Македонија како суверена, демократска и правна држава;обезбедување на сите човекови права и слободи на Македонците во соседните земји и развивање на постојна културна и духовна комуникација со нив и со иселениците; развивање на европската ориентација на Македонија и нејзино непосредно вклучување во европските интеграциони процеси.

Основните начела и цели од став 1 подробно се разработуваат со Програмската декларација на СДММ, во која се поставуваат и други цели кои не се спротивни на горенаведените.

**член** 2

Социјалдемократската младина на Македонија е основана под името Младински Демократски Форум на неговото Основачко Собрание одржано на 9 ноември 1991 година во Скопје.

**член** 3

СДММ го наоѓа своето место во стратегискиот настап на СДСМ како политички подмладок на оваа партија; придонесува за изработка на нејзината програма, притоа развивајќи самостојна политичка иницијатива и дијалог меѓу младите и другите субјекти во општеството.

**член** 4

СДММ развива облици на политичко, интересно и струково организирање со цел да ги афирмира идејните основи, вредносните критериуми, демократската содржина и прогресивната ориентација на СДСМ.

**член** 5

Координацијата на активностите на СДММ со активностите на СДСМ подразбира усогласување на иницијативите и заедничка работа врз демократски и рамноправни основи со целосно уважување на разликите кои можат да се јават по определени прашања и проблеми.

Органите на СДММ ја координираат својата активност со органите на СДСМ на соодветно ниво.

Делегации на органите и телата на СДММ можат да учествуваат во органите и телата на СДСМ на соодветно ниво.

Делегација на СДММ може да присуствува на позначајни партиски собири.

**член** 6

Работата на СДММ е јавна.

Органите на СДММ можат да донесат одлука седниците да бидат затворени за јавноста.

**член** 7

Седиштето на СДММ е на улица "Бихаќка" бр. 8, Скопје во просториите на Централниот одбор на СДСМ.

**член** 8

Освен целосното име на организацијата дефинирано во член 1 од овој Статут, во активностите ќе се користи и кратенката од името на организацијата - СДММ.

**член** 9

СДММ има тркалезен печат, со пречник од 3 сантиметри, во чија средина се наоѓа ѕвезда петокрака со роза и на чии рабови е испишано името "Социјалдемократски сојуз на Македонија - Социјалдемократска младина на Македонија".

СДММ има амблем кој се состои од жолта ѕвезда петокрака на чии горен и лев крак со црвена линија е потцртана буквата М. На ѕвездата е положена црвена роза. Жолтата ѕвезда е положена на сина основа.

**член** 10

СДММ ја претставува и застапува претседателот на СДММ.

СДММ може да ја претставуваат потпретседателите, генералниот секретар или некој член на Централниот одбор со согласност во писмена форма дадена од претседателот на СДММ или со одлука на Извршниот одбор на СДММ.

СДММ може да биде претставувана и застапувана и од страна на организации во кои таа е колективен член.

## 2. ЧЛЕНСТВО

### **член** 11

Член на СДММ може да биде секој полнолетен грашанин, кој доброволно ќе потпише пристапна изјава на СДСМ и кој ќе ги прифати одредбите на овој Статут и програмските основи на СДММ и Статутот и програмата на СДСМ.

Членот на СДММ е и член на СДСМ.

### **член** 12

Членот на СДММ ги има следните права и обврски:

- да учествува во градењето и остварувањето на политиката на СДММ;
- самостојно да превзема иницијативи кои не се спротивни на овој Статут и на основните програмски и политички ставови на СДММ;
- да биде избиран во сите органи на СДММ, согласно со член 63 од овој Статут;
- да биде кандидат на партиски листи за парламентарните и локални избори;
- да е редовно информиран за активностите на СДММ и критички да се осврнува на нив;
- да членува само во еден од месните клубови на СДММ;
- да ги издвои сопственото мислење, предлози и ставови со кои се останува во малцинство при расправата и донесувањето одлуки и да инсистира на нивно повторно разгледување кога ќе оцени дека се создале услови за тоа, да го извести и да побара поддршка од членството тие повторно да бидат разгледани од страна на органот на СДММ во кој не добиле мнозинска поддршка.

### **член** 13

Членувањето во СДММ се регулира со членска книшка на СДСМ.

Членувањето во СДММ престанува со изјава за истапување, со исклучување или со надминување на старосна граница од 32 години.

Исклучувањето настанува во услови кога се крши Програмската декларација и Статутот на СДММ и програмата и Статутот на СДСМ или кога истовремено се членува во друга политичка партија.

Одлука за исклучување донесува Извршниот одбор на локалниот клуб или Централниот одбор на СДММ.

Членот има право на жалба во рок од 15 дена. Жалбата се поднесува до ЦО на СДММ чија одлука е конечна.

## 3. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА И ОРГАНИ

**член** 14

Основен принцип на организирање на СДММ е територијалниот принцип.

Во рамките на територијалната организираност на СДММ на општинско и републичко ниво, со одлука на надлежните органи, може да се организираат интересовни облици на организирање на членството (совети, активи, секции и клубови) и акциони облици на дејствување во месните клубови.

Со одлуката од претходниот став се пропишува внатрешната организација, правата и обврските на интересовните облици на организирање и акционите облици на дејствување во месните клубови.

**член** 15

Членството на СДММ е организирано во следните облици на дејствување:

- Месни клубови на СДММ
- Локални клубови на СДММ
- Градска организација на СДММ
- Републичка организација на СДММ.

### а) Месни клубови на СДММ

**член** 16

Месниот клуб на СДММ е организационен облик на поврзување на сите членови на СДММ од определено избирачко место.

Одлука за основање на месен клуб донесува Извршниот одбор на локалниот клуб по барање на најмалку три членови на СДММ што е истовремено и минималниот број членови за основање на месен клуб.

Подрачјето на дејствување на месниот клуб се определува со одлуката за негово основање.

Надлежниот орган на локалниот клуб на СДММ во зависност од бројот на членовите на локалниот клуб може да донесе одлука локалниот клуб да биде организационен облик на поврзување на сите членови од општината без месни клубови.

Одлуката од претходниот став со образложение се доставува до ЦО на СДММ на одобрување.

**член** 17

Месниот клуб на СДММ е облик на градење на политичката волја во СДММ и на остварување на правата и обврските на членовите што произлегуваат од овој Статут.

**член** 18

Членовите на месниот клуб одржуваат изборен состанок на кој избираат претседател.

Мандатот на претседателот е две години, а правото на повторен избор е неограничено.

**член** 19

Месниот клуб може полноважно да расправа и донесува одлуки ако на неговите состаноци присуствуваат повеќе од половина членови на клубот.

Одлуките, ставовите и предлозите на состаноците на месните клубови се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните.

**член** 20

Претседателот на месниот клуб е должен во соработка со Извршниот одбор на локалниот клуб на СДММ да обезбеди услови за остварување на правата и обврските на членовите што произлегуваат од овој статут.

## б) Локални клубови на СДММ

**член** 21

Локалниот клуб на СДММ е облик на поврзување месните клубови, односно на членството на СДММ во подрачјето на општината.

Одлука за основање и престанок на дејствување на локален клуб донесува Централниот одбор на СДММ .

Подрачјето на дејствување на локален клуб по правило се поклопува со територијална организација на Република Македонија.

Локалните клубови може да се поврзуваат во регионални заедници (акционен облик) и градски организации врз основа на одлука на Централниот одбор на СДММ.

Со одлуката од претходниот став се утврдува организацијата, начинот на работа, конституирањето и надлежностите на заедницата.

**член** 22

Меѓусебните односи што произлегуваат од поврзувањето, локалните клубови ги уредуваат со посебен општ акт за кој согласност дава ЦО на СДММ.

**член** 23

Органи на локалниот клуб на СДММ се: Конференција, Извршен одбор, претседател, секретар и надзорен одбор.

**член** 24

Конференцијата е највисок орган на локалниот клуб и неа ја сочинуваат:

- претседателот на ЛК на СДММ
- секретарот на ЛК на СДММ
- членовите на ЦО на СДММ со постојано живеалиште на територијата на која дејствува соодветниот локален клуб;
- членовите на ИО и НО на локалниот клуб;
- членовите на ЦО на СДСМ, НО на СДСМ, пратениците на СДСМ од редовите на СДММ од соодветниот Локален клуб на СДММ;
- претседателот, секретарот и членовите на ГЦО на ГО на СДММ – Скопје од соодветниот ЛК на СДММ со постојано место на живеење;
- советниците од редовите на СДММ во Светот на општината;
- по еден делегат на определен број членови од месните клубови, утврден со одлука за свикување на Конференцијата;

Вкупниот број делегати на конференцијата на ЛК несмее да биде помал од 15% од вкупниот број членови на ЛК доколку бројот на членовите на ЛК е помал од 300. Ако бројот на членовите на ЛК е поголем од 300, бројот на делегатите не смее да биде помал од 60.

**член** 25

Конференцијата на локалниот клуб се свикува најмалку еднаш годишно, со одлука на ИО на локалниот клуб, а секоја втора се свикува на изборна седница.

Извршниот одбор може да ја свика Конференцијата и по барање на НО, претседателот на СДММ, најмалку една третина од месните клубови или третина од членовите на локалниот клуб.

Конференцијата на локалниот клуб може да ја свика и НО на локалниот клуб или претседателот на СДММ доколку ИО во рок од еден месец не постапи во согласност со став два од овој член.

Конференцијата се одржува најмалку петнаесет дена по одлуката за нејзино свикување.

Кога конференцијата се свикува по барање на НО на локалниот клуб или по барање на претседателот на СДММ рокот за одржување може да биде и пократок.

Мандатот на делегатите кои се избрани од месните клубови за изборната седница на конференцијата трае две години.

Мандатот на делегатите со кои се прават измени и дополнувања во составот на конференцијата е во рамките на двегодишниот мандат на целата конференција.

**член** 26

Конференцијата на локалниот клуб:

- учествува во градењето и остварувањето на програмските определби на СДММ;
- донесува програма за работа
- го одобрува извештајот за работата на органите на ЛК на СДММ меѓу две изборни - седници на Конференцијата
- избира претседател на локалниот клуб;
- избира секретар на локалниот клуб;
- избира членови на Извршниот одбор на локалниот клуб;
- избира членови на Надзорниот одбор на локалниот клуб;
- избира делегати за конференцијата на СДММ;
- избира делегати за конференцијата на ГО СДММ-Скопје
- предлага кандидати за органите на СДММ;
- предлага кандидати за органите на ОО СДСМ и советничката листа на ОО СДСМ;
- расправа за извештаите на органите на СДММ;
- донесува деловник за својата работа;
- по потреба разгледува и други прашања врзани за работата на СДММ.
- конференцијата на ЛК на СДММ, предлага кандидати за Градоначалник и членови на Советот на Општината;

**член** 27

Извршниот одбор на локалниот клуб на СДММ го сочинуваат:

- претседателот на локалниот клуб;
- секретарот на локалниот клуб;
- најмалку седум членови на Извршниот одбор што ги избира конференцијата.

Мандатот на претседателот на локалниот клуб, на секретарот на локалниот клуб и на членовите на Извршниот одбор трае две години, со право на повторен избор.

**член** 28

Извршниот одбор на локалниот клуб е политичко-извешен орган кој:

- раководи со локалниот клуб меѓу две конференции;
- се грижи за извршување на одлуките на конференцијата и на повисоките органи на СДММ;
- дава политички оценки и потврдува политички ставови;
- донесува одлуки за основање на интересни облици на организирање на локално ниво;
- по потреба формира работни групи за разработка и извршување на задачите од неговата надлежност

- донесува деловник за својата работа;
- расправа и решава за други прашања што се во негова надлежност и што произлегуваат од програмските и статутарните одредби на СДММ.

**член** 29

Седниците на ИО на локалниот клуб ги свикува и со нив председава претседателот на локалниот клуб, односно секретарот или друг член на ИО кога тоа е предвидено со деловник за работа.

Седницата на ИО на ЛК може да се свика и по барање на 1/3 од членовите на ИО.

**член** 30

Правата и обврските на претседателот на локалниот клуб, секретарот и членовите на ИО се утврдуваат со деловник врз основа на овој Статут.

**член** 31

Надзорниот одбор на локалниот клуб на СДММ се состои од три члена.

Надзорниот одбор од својот состав избира претседател на одборот.

Мандатот на претседателот и на членовите на Надзорниот одбор трае две години, со право на повторен избор.

Надзорниот одбор работи на седници кои се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш во три месеци.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор ја оценува статутарноста на актите и одлуките, ја контролира финансиската и деловната активност на организацијата, поднесува извештај на конференцијата за својата работа и извршува други работи предвидени со статутот и одлуките на конференцијата.

На Надзорниот одбор треба да му бидат достапни сите релевантни податоци и документи. Оваа достапност ја обезбедуваат и гарантираат претседателот и секретарот на локалниот клуб.

**в) Градска организација на СДММ**

**член** 32

Градската организација на СДММ - Скопје е облик на организирање и дејствување на членовите на СДММ на територијата на градот Скопје.

Одлука за нејзино основање и престанок на дејствување донесува ЦО на СДММ.

**член** 33

Органи на Градската организација се:

Конференција е највисок орган на Градската организација на СДММ-Скопје и неа ја сочинуваат:

- Претседател
- Градски централен одбор
- Секретар
- Извршен одбор и
- Надзорен одбор

**член 34**

Конференцијата е највисок орган на Градската организација на СДММ - Скопје и неа ја сочинуваат :

- Претседателот на ГО на СДММ - Скопје
- Градскиот централен одбор
- Секретарот
- Извршниот одбор
- Надзорниот одбор
- советниците во Советот на Град Скопје, помлади од 32 години
- определен број на делегати од ЛК СДММ кои територијално се во составот на градот, што се утврдува со одлука за свикување на конференцијата.

**член 35**

Конференцијата на ГО СДММ-Скопје се свикува најмалку еднаш годишно со одлука на Градскиот централен одбор, а секоја втора година се состанува на изборна седница.

Градскиот централен одбор ја свикува конференцијата и по барање на надзорниот одбор на ГО на СДММ-Скопје, претседателот на ГО на СДММ-Скопје или најмалку три ЛК на СДММ од територијата на Град Скопје.

Конференцијата на ГО СДММ-Скопје може да ја свика и надзорниот одбор на СДММ или Претседателот на СДММ, доколку градскиот централен одбор во рок од еден месец не постапи во согласност со став два од овој член.

Одлука за свикување на конференцијата се донесува најмалку 15 дена пред денот на нејзиното одржување.

Кога конференцијата се свикува во смисла на став два од овој член рокот за објавување може да биде и пократок.

Мандатот на делегатите на конференцијата на ГО на СДММ-Скопје, избрани од ЛК СДММ е две години.

Мандатот на делегатите со кои се прават измени или дополнување во составот на конференцијата е во рамките на двегодишниот мандат на целата конференција.

**член 36**

Конференцијата на ГО СДММ-Скопје:
- учествува во градењето и остварувањето на програмата на СДММ
- донесува програма за работа
- го одобрува извештајот за работата на органите меѓу две изборни седници на конференцијата
- избира Претседател на ГО на СДММ - Скопје
- избира членови на Градскиот централен одбор
- избира секретар на ГО СДММ - Скопје
- избира членови на надзорниот одбор на ГО СДММ-Скопје
- предлага кандидати за Градоначалник и кандидати за членови на советот на Град Скопје
- предлага кандидати за органите на СДММ
- расправа по извештаите на органите на СДММ
- донесува Деловник за својата работа
- по потреба разгледува и други прашња сврзани со работата на СДММ
-

**член 37**

Претседателот на Градската Организација на СДММ-Скопје:
- ја претставува и застапува ГО на СДММ - Скопје
- раководи со ГО СДММ-Скопје меѓу седниците на нејзините органи
- учествува во градењето на политиката на СДММ
- ги свикува и претседава со седниците на ГЦО и ИО на ГО СДММ-Скопје
- ја следи и координира работата на ЛК СДММ од територијата на град Скопје

Функцијата претседател на ГО СДММ-Скопје е неспоива со функцијата претседател или секретар на ЛК СДММ.

Мандатот на претседател или секретар на ЛК СДММ - Скопје е неспоива со функцијата претседател или секретар на ЛК СДММ.

**член 38**

Градскиот централен одбор го сочинуваат:
- Претседателот на ГО СДММ-Скопје
- 30-40 членови на ГЦО избрани на изборната седница на конференција
- Секретарот на ГО СДММ-Скопје
- Претседателите на ЛК СДММ, од територијата на Градот Скопје, по функција се членови на ГЦО

  Мандатот на членовите на ГЦО на ГО СДММ-Скопје трае две години, со право на повторен избор.

**член 39**

Градскиот централен одбор на ГО на СДММ-Скопје:
- раководи со Градската организација меѓу две конференции
- се грижи за извршување на одлуките на повисоките органи на СДММ

- дава политички оценки и потврдува политички ставови
- од својот состав избира потпретседател-потпретседатели
- на конференцијата и предлага кандидати за органите на СДММ
- на конференцијата и предлага кандидати за Градоначалник и членови на Советот на Град Скопје
- донесува одлуки за формирање на работни тела за одредени прашања и други форми на интересовно организирање на ниво на Градот Скопје
- донесува на деловник за својата работа
- расправа и решава за други прашања што се во негова надлежност, а кои произлегуваат од програмските и статутарните одредби на СДММ
- донесува одлука за свикување на конференцијата на ГО на СДММ-Скопје
-

**член 40**

Седниците на ГЦО ги свикува и со нив претседава претседателот на ГО СДММ-Скопје, потпретседателот, секретарот односно друг член на ГЦО кога тоа е предвидено со деловникот за работа.

Во работата на ГЦО редовно учествуваат членовите на Советот на Град Скопје од листата на СДСМ, помлади од 32 години, а редовно се покануваат Претседателот, генералниот секретар и членовите на ЦО на СДММ на територијата на Град Скопје.

**член 41**

Правата и обврските на ГЦО на ГО СДММ-Скопје се утврдуваат со одлука на ГЦО.

Мандатот на потпретседателот на ГЦО на ГО СДММ - Скопје трае две години со право на повторен избор.

**член 42**

Секретарот на ГО СДММ-Скопје:

- се грижи за внатрешното организирање на ГО СДММ-Скопје
- ги подготвува седниците на органите на ГО СДММ-Скопје
- учествува во градењето на политиката на СДММ
- се грижи за кадровските прашања во рамките на ГО СДММ - Скопје
- се грижи за финансиското работење на ГО СДММ-Скопје

Функцијата секретар на ГО СДММ-Скопје е неспоива со функцијата претседател или секретар на Локален клуб на СДММ.

Мандатот на секретарот на ГО на СДММ-Скопје трае две години со право на повторен избор.

**член 43**

Извршниот одбор е политичко извршен орган кој:

- учествува во градењето и изразувањето на политичката волја на СДММ на територијата на Град Скопје
- ги реализира заклучоците и ставовите на ГЦО и повисоките органи на СДММ

- донесува деловник за својата работа

**член 44**

Со работата на ГО СДММ-Скопје радоводи претседателот, потпретседателот односно секретарот или еден од неговите членови што ќе го овласти претседателот на ГО СДММ-Скопје.

Правата и обврските на членовите на извршниот одбор на ГО СДММ-Скопје се уредуваат со деловник, врз основа на овој Статут.

**член 45**

Надзорниот одбор на ГО СДММ-Скопје го сочинуваат пет члена.

Надзорниот одбор од својот состав избира претседател на одборот.

Мандатот на претседателот и членовите на НО трае две години, со право на повторен избор.

Надзорниот одбор работи на седници кои се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш на три месеци.

Седниците ги свикува и со нив претседава Претседателот на НО.

НО ја оценува статутарноста на актите и одлуките, решава по жалбените постапки и ја контролира финансиската и деловната активност на ГО СДММ-Скопје.

За својата работа поднесува извештај на изборната седница на конференцијата.

На НО му се достапни сите релевантни податоци и документи, а за тоа е одговорен Претседателот на НО на ГО СДММ-Скопје

## г) Републичка организација на СДММ

Органи на републичката организација се: Конференција, Централен одбор, Надзорен одбор, претседател и генерален секретар.

**член 46**

Конференцијата на СДММ ја сочинуваат:

- претседателот на СДММ;
- генералниот секретар на СДММ;
- членовите на Централниот одбор и на Надзорниот одбор на СДММ ;
- претседателите на локалните клубови и претседателот на ГО СДММ;
- по еден делегат на локалните клубови ако имаат над 150 членови (на секои следни 250 члена секој локален клуб дава уште по еден делегат);
-членовите на парламентарната група на СДСМ и министрите и заменици министрите помлади од 32 години.

- членови на ГО на СДММ-Скопје

**член 47**

Конференцијата на СДММ е највисок орган на СДММ.

Конференцијата се свикува најмалку еднаш годишно со одлука на Централниот одбор на СДММ, а секоја втора година се состанува на изборна конференција.

Централниот одбор ја свикува Конференцијата и по барање на НО, претседателот на СДММ или по барање на најмалку една третина од локалните клубови.

Конференцијата на СДММ мора да ја свика НО или претседателот на СДММ доколку ЦО во рок од еден месец не постапи во согласност со став три од овој член.

Конференцијата се одржува најмалку петнаесет дена по одлуката за нејзино свикување.

Кога конференцијата се свикува по барање на НО или претседателот на СДММ рокот за одржување може да биде и пократок.

Мандатот на делегатите кои се избрани од локалните клубови за изборната седница на конференцијата трае две години.

Мандатот на делегатите со кои се прават измени и дополнувања во составот на конференцијата е во рамките на двегодишниот мандат на целата конференција.

**член 48**

Конференцијата на СДММ:
- донесува Програма и Статут на СДММ;
- одобрува извештај за работата на органите меѓу две изборни седници;
- го утврдува бројот на членовите на органите на СДММ;
- избира претседател на СДММ;
- избира генерален секретар на СДММ;
- избира членови на Централниот одбор на СДММ;
- избира членови на Надзорниот одбор на СДММ;
- донесува деловник за својата работа;
- расправа за извештаите на органите на СДММ и СДСМ;
- по потреба разгледува и други прашања врзани за работата на СДММ.
- предлага кандидати за Пратеници во Собранието на Република Македонија;

**член 49**

Претседателот на СДММ:
- ја претставува и ја застапува СДММ;
- раководи со СДММ меѓу две седници на нејзините органи;
- учествува во градењето на политиката на СДММ;
- ги свикува седниците на Централниот и Извршниот одбор;
- ја свикува првата седница на Надзорниот одбор на СДММ;

- обавува и други работи кои му се ставаат во надлежност со општи акти и посебни одлуки на органите на СДММ.

Мандатот на претседателот на СДММ трае две години, со право на повторен избор.

**член 50**

Генералниот секретар на СДММ:

- се грижи за внатрешното организирање на СДММ ;
- се грижи за следењето и извршувањето на одлуките,ставовите и заклучоците на органите на СДММ;
- ги подготвува седниците на органите на СДММ;
- учествува во градењето на политиката на СДММ;
- се грижи за кадровски прашања во рамките на СДММ;
- се грижи за финансиското работење.

Мандатот на генералниот секретар трае две години со право на повторен избор.

**член 51**

Централниот одбор на СДММ го сочинуваат:

- претседателот на СДММ;
- генералниот секретар на СДММ;
- членовите на Централниот одбор што ги избира коференцијата.

Мандатот на членовите на Централниот одбор трае две години со право на повторен избор.

На седниците на Централниот одбор учествува и претседателот на Надзорниот одбор, без право на глас.

**член 52**

Централниот одбор на СДММ е највисок орган на Социјалдемократската младина на Македонија меѓу две конференции кој:

- раководи со СДММ меѓу две конференции и се грижи за извршувањето на одлуките на коференцијата;
- дава политички оценки и утврдува политички ставови;
- избира еден или повеќе потпретседаетли на својата прва седница;
- избира членови на Извршниот одбор;
- донесува одлуки за оснивање на интересни облици на организирање на членството на републичко ниво;
- решава по жалби од одлуките на локалните клубови на СДММ;
- оснива по потреба работни тела за решавање на прашањата и за разгледување на проблематиката од својата надлежност (одбори, комисии, проектни групи);

- донесува деловник за својата работа;
- предлага кандидати за органите на СДСМ;
- по потреба решава и за други прашања сврзани за работата на СДММ кои со Статутот или со друг општ акт не се ставени во надлежност на друг орган на СДММ.

Правата и надлежностите на потпретседателите на ЦО на СДММ се утврдуваат со одлука на ЦО на СДСМ.

Централниот одбор може да донесува и одлуки од надлежност на Конференцијата кога тоа го наложува некоја посебна ситуација.За тие одлуки Централниот одбор навреме ги запознава делегатите на конференцијата, а на првото свикување ги поднесува на одобрување.

Доколку одлуките не бидат одобрени, се поставува прашањето на доверба на претседателот, потпретседателот, генералниот секретар и на Централниот одбор на СДММ.

**член 53**

Седниците на Централниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на СДММ, односно потпретседателот, генералниот секретар или член на Извршниот одбор, кога тоа е предвидено со деловник за работа.

**член 54**

Функцијата претседател, потпретседател, генерален секретар и член на Извршниот одбор на СДММ е неспоива со функцијата претседател или секретар на локален клуб на СДММ. Доколку на горенаведените функции се дојде од местото претседател или секретар на локален клуб, Надзорниот одбор на локалниот клуб е должен во рок од 30 дена да свика изборна конференција за соодветното место.

**член 55**

Извршниот одбор на СДММ го сочинуваат:
- претседателот на СДММ;
- потпретседателите на СДММ;
- генералниот секретар на СДММ;
- најмалку седум членови на Извршниот одбор кои ги избира Централниот одбор од својот состав.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае две години со право на повторен избор.

**член 56**

Извршниот одбор е политичко извршен орган кој:
- учествува во градењето и изразувањето на политичката волја на СДММ;

- ги реализира заклучоците и ставовите на ЦО што се однесуваат на внатршната организација на СДММ;

- го води тековното, финансиското и матерјалното работење на СДММ и донесува соодветни одлуки и други акти;

- по потреба формира и работни групи за разработка и извршување на задачите од неговата надлежност;

- ги разгледува иницијативите, предлозите, мислењата и молбите што се упатени до него, што се однесуваат на организационите прашања на СДММ;

- донесува деловник за својата работа.

Со работата на Извршниот одбор раководи претседателот на СДММ, односно потпретседателот или генералниот секретар. Со работата може да раководи и член на Извршниот одбор кој ќе го овласти претседателот на СДММ.

**член 57**

Извршниот одбор на СДММ може да донесува и одлуки од надлежност на Централниот одбор, кога тоа го наложува посебна ситуација. За тие одлуки Извршниот одбор навреме ги запознава членовите на Централниот одбор, а на првата наредна седница на ЦО ги поднесува на одобрување.

Доколку одлуките не бидат одобрени може да се постави прашањето на доверба на претседателот, потпредседателот, генералниот секретар и ИО на СДММ.

**член 58**

Седниците на ИО ги свикува и со нив претседава претседателот на СДММ, односно генералниот секретар или потпредседателите или друг член на ИО кога тоа е утврдено со деловник.

Седниците на ИО се свикуваат и по барање на најмалку 1/3 на членовите на ИО .

**член 59**

Советот на СДММ е советодавно тело составено од истакнати научни, културни и јавни работници.

Основна задачна на Советот е на Конференцијата и на Централниот одбор на СДММ да им помага во заземањето на ставови за прашања од стратешка важност за работата на СДММ.

Со работата на Советот раководи претедател што го избира Централниот одбор.

Мандатот на претседателот и на членовите на Советот трае две години со можност за реизбор.

Членовите на Советот не мора да бидат членови на СДСМ.

Работата на Советот се регулира со посебен правилник.

**член 60**

Надзорниот одбор се состои од пет членови.

Надзорниот одбор од својот состав избира претседател на одборот на својата прва седница свикана од страна на претседателот на СДММ, најдоцна 30 дена по нивниот избор.

Мандатот на претседателот и членовите на одборот трае две години со право на повторен избор.

Надзорниот одбор ја разгледува финансиската и деловната активност на СДММ и на сите нејзини облици на организирање, ја оценува статутарноста на одлуките и актите и и поднесува на конференцијата извештај за својата работа.

На надзорниот одбор треба да му бидат достапни сите релевантни податоци и документи. Оваа достапност ја обезбедува и гарантира претседателот и генералниот секретар на СДММ.

Надзорниот одбор може да свика конференција согласно член 37.

Надзорниот одбор одлучува по жалби на одлуки на ЦО на СДММ.

## ОДЛУЧУВАЊЕ

**член 61**

Органите на СДММ полноважно решаваат ако на состаноците се присутни повеќе од половината на членови кои ги сочинуваат, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови на присутните.

Ако за исто прашање постојат повеќе предлози, за усвоен се смета оној предлог што ќе добие мнозинство гласови од присутните.

Со деловникот за работа или со посебна одлука, може да се предвиди и посебна постапка за усвојување на одлуките во повеќе кругови на изјаснување, при што во процесот на изјаснување отпаѓаат предлозите со најмал број на гласови се додека со изјаснувањето не се утврди дали некој од предлозите добил мнозинство гласови од присутните.

**член 62**

Постапката и начинот за кандидирање и избор на членовите на органите и носителите на функции во органите, се утврдуваат со одлука на Централниот одбор на СДММ.

Во сите колективни органи на СДММ мора да има најмалку 30% од обата пола.

**член 63**

Кандидатите за членови и носители на функциите во органите и телата на СДММ не смее да се постари од 30 години на денот на изборот т.е. во текот на својот двегодишен мандат не смее да ја надминат старосната граница од 32 години.

**член 64**

Кандидатите за претседател, потпретседател и генерален секретар покрај староснаот услов содржан во член 63, мораат да бидат членови на СДММ најмалку две години пред денот на изборот, што се утврдува со датумот на потпишување на пристапницата.

**член 65**

Изборот на членовите и носителите на функции во органите се врши со тајно гласање.

Избрани се оние кандидати коишто добиле најголем број гласови, односно мнозинство од присутните, но притоа мораат да имаат повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број на чкеновите на избирачкото тело.

Ако при гласањето не е избран потребен број на членови на органот дополнително се избираат онолку кандидати колку што е потребно да се пополни составот на органот, на начин кој се определува со деловник, или на начин што ќе го утврди избирачкото тело.

**член 66**

Постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидатите за органите и носителите на функции се утврдуваат со правилник што го донесува ЦО на СДММ.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

**член 67**

СДММ и нејзините организациони облици стекнуваат финансиски средства и друг имот од:

- донаторство и прилози од членовите и симпатизерите на СДММ и СДСМ;
- други приходи од физички и правни лица;
- остваруваат финансии преку соодветните тела на СДСМ;
- самофинансирање по проект при што се донесува посебен правилник за материјално-финансово работење.

**ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**

**член 68**

Заради промоција на своите ставови меѓу членството и пошироката јавност СДММ во рамки на издавачката дејност на СДСМ организира сопствена издавачка

дејност која опфаќа издавање книги, списанија, весници и други јавни гласила, а може да основа радио и ТВ, како и научно-истражувачка организација.

ЦО на СДММ со посебен општ акт ги уредува прашањата во врска со издавачката дејност.

Весникот на СДММ како орган на ЦО на СДММ се вика ДЕМОНСТРАНТ.

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### а) престанок на функциите во органите на СДММ

#### член 69

Функцијата во органите на СДММ престанува заради изгласување недоверба, исклучување, поднесување оставка или со надминување на старосната граница.

Во случај на изгласување недоверба функцијата престанува во моментот на објавување на резултатите од гласањето за недовербата, а во случај на оставка, со нејзиното поднесување и констатирање од соодветниот орган. Во случај на изгласување недоверба, исклучување, оставка или надминување на старосната граница, ЦО како надлежен орган именува вршител на функцијата се до моментот на избор.

#### член 70

Одлуката за отповикување ја донесува органот кој што го избрал носителот на функција, на начин на кој е избран на дадената функција.

Предлог за отповикување може да даде ИО на СДММ, Надзорниот одбор или 30 членови на Конференцијата по сопствена иницијатива или по иницијатива на членството.

Членот на ИО на СДММ се отповикува на начин на кој е избран на таа функција, а предлогот може да го поднесат претседателот на СДММ, Извршниот одбор на СДММ, Надзорниот одбор на СДММ или десет членови на Централниот одбор на СДММ.

#### член 71

Оставка за престанок на функцијата се поднесува до соодветниот орган.

Подносителот на оставката има право писмено или усмено да ја образложи оставката.

б) распуштање на организационен облик на СДММ

**член 72**

Централниот одбор на СДММ може да донесе одлука за распуштање на организационен облик на СДММ заради целосно престанување на неговата работа или намалување на обемот на дејноста со што не се остваруваат програмските, статутарните и политичките цели на СДММ.

**член 73**

Ако одделни органи на организационите облици на СДММ не ги остваруваат програмските, статутарните определби и политички цели на СДММ и СДСМ, ЦО на СДММ може да иницира или свика седница на конференција на соодветно ниво заради гласање на доверба на органот и евентуален избор на нов орган.

До свикувањето на конференцијата од став еден од овој член ЦО може да именува привремено раководство.

**член 74**

Одлука за основање и распуштање на СДММ донесува ЦО на СДСМ.

Со одлуката за престанување со работа на СДММ целосниот имот му припаѓа на СДСМ.

**член 75**

Право на толкување на овој статут по приоритетен распоред имаат:

1. Конференцијата на СДММ
2. Надзорниот одбор на СДММ.

**член 76**

Измените и дополнувањата на статутот ги врши Конференцијата на СДММ со мнозинство на гласови од вкупниот број делегати.

**член 77**

Статутот стапува во сила со денот на донесувањето.

**член 78**

Сите општи акти на СДММ мораат да се усогласат со одредбите на овој статут во рок од 60 дена.